Љубомир ТРАЈКОВСКИ

# НОВИ ПРЕДИЗВИЦИ ЗА ИСТОРИЈАТА КАКО НАСТАВЕН ПРЕДМЕТ

Во последните години од нашето живеење, во светот а и кај нас, се одвиваат мошне длабоки општествено-политички промени. Во овој транзитивен период, извршени се значајни промени и во сферата на образованието, вклучувајќи ја тука и наставата по историја. Наставата по историја се вбројува во оваа група наставни предмети, кои се изложени на почесто критичко преиспитување и редифинирање. Тоа е разбирливо, ако се има во предвид фактот, дека ова настава е во најтесна врска со општествените промени. Како последица на тие промени дојде до пропаѓање на системите во сите социјалистички земји, а резултат на тие промени се и преминот од еден општествено -политички систем во друг и од еден начин на стопанисување во сосема поинаков. Овие промени доведоа до значајно приближување и подобрување на односите меѓу до вчера спротивставените сили и слободно можеме да речеме, дека од длабоко поделената Европа речиси не остана ништо. И токму поради сите овие промени, од образованието се очекува да ги следи промените и да соодветствува на современите потреби.

Во светлината на сите овие промени логично се поставуваат како мошне актуелни прашањата: - Што да се учи денес од историјата? Како да му се пријде на минатото? Како да се изучува историјата во училиштата? Како да се користат и интерпретираат историските извори, а особено со каква цел да се изучува историјата? Повеќе од сигурно е, дека на овие прашања може да се одговори дека во прв ред преку историските содржини, низ кои треба да се градат основните вредности како што се; - демократијата, слободата, човековите права, почитувањето на законите, миролубивоста и толеранцијата, солидарноста, социјалната правда, соживотот, општата одговорност за мирот во светот и други постулати.

## Европскиот совет за наставата по историја

Тргнувајќи од овие аспекти потребно е да истакнеме дека историјата, а особено наставата по историја и порано, а особено последниве години, е предмет на интересирање и на Советот на Европа. По иницијатива на ова тело, се одржани или во тек на одржување се повеќе конференции и семинари на кои се водат широки дискусии по многу прашања, сврзани со наставата по историја.

Едно од суштинските прашања, на кое му посвети внимание Советот на Европа, беше прашањето за состојбите на "Базичното обучување и стручно усовршување на наставниците по историја во европските земји". Ова прашање беше третирано на семинарот, одржан во јуни оваа година, во Република Украина. Еден од проблемите, со кои се соочуваат реформаторите е дека постои голема шареноликост на модели на образование наставници по историја во Европа. Во различните земји постојат различни институции, кои се задолжени за образование на наставниците. Со цел да го проучи ова прашање, Здружението на наставниците за образованието во Европа има направено испитување, во кое меѓу клучните откритија е широкиот дијапазон на пракси, иако има и доста заеднички елементи, како:

- повеќето земји ја поврзале потребата од подобри квалификации на наставниците, а тука спаѓа и нашата држава;
- повеќето системи ја следат статичката линија на оброзование наставници и ја занемаруваат потребата за перманентно професионално образование на наставниците во следењето на нивниот развој;
- во најголем број земји, акцент се дава на различни елементи, рамките на образовниот систем (основно и средно) итн.

Сепак, скоро во сите земји, заедничко е што се школуваат такви кадри, кои ќе одговорат на задачите и современите барања на историската наука, со што се зголемува креативноста за поуспешно изведување на наставата, и се збогатува со самостојни истражувања, игри, дебати, когнитивни постапки и сл.

Прашањето на учебниците, исто така, беше предмет на разгледување од страна на Советот на Европа. Настојувањата на овој Совет се - историјата полека да се трансформира од инструмент на авторитарната хиерархија, во поле за спроведување на нова култура на граѓанска самостојност. Акцентот се повеќе се става врз коректното интепретирање на историските настани. Советот на Европа е за регионален пристап во изучување на историјата, но и за регионални учебници. Во сите земји во Европа, во наставата се користат најмалку 2 учебника. По сè изгледа, дека ние сме една од ретките земји, во која исклучиво се работи по 1 учебник.

Содржината на наставата по историја исто така, беше предмет на разгледување. Основна определба во постигнувањата на наставата по историја е, да им се даде истакнато место на: - определеноста за постојано барање на вистината, изградено критичко мислење, разбирање и почитување и на поинакви гледања на историските настани и процеси.Во овој контекст особено е важна препораката на Европскиот совет дека сите ученици треба да ја изучуваат историјата и на секое ниво од нивното образование, бидејќи историјата има вредности што не можат да бидат постигнати преку другите наставни предмети од наставниот план. Советот на Европа продолжува со третирањето на историјата како наставен предмет и во нејзината димензија на содржините. Така најнов проект во оваа смисла е организирањето семинар, што ќе се одржи во декември оваа година, во Будимпешта на тема: - “Изучување на историјата на Европа во 20 век” (пристапи и проблеми)

## Проблемите бараат нови наставни програми

Во склад со сите овие активности на Советот на Европа и во нашата земја, со донесувањето на новиот Концепт за развој на основното образование, во завршна фаза е процесот на изготвување нови наставни програми, во кои треба да најдат свој одраз и промените во образовниот систем. Комисијата определена за изготвување на наставна програма по историја за основното образование, сообразувајќи се со новиот концепт за развој на образованието, пред да отпочне со изготвување на наставна програма, изготви Концепција, во која се определи моделот - за наставна програма која ни е потребна. Имајќи го предвид и образованието на националностите во нашата држава, основна цел на Концепцијата беше со новата наставна програма да се обезбеди единствен модел на образование, преку кој, кај учениците се гради свест на граѓанин, приврзан на оваа држава и тоа главно, преку вредностите изразени во: независноста, самостојноста и демократијата, како и свест за чување на целината на остварување на еднакви права и демократија на граѓаните.

Програмата која е во тек на изработка во духот на Концепцијата, има одредени европски карактеристики:

-регионален и компаративен пристап во обработката на содржините од општата и балканската историја;

-граѓански пристап во толкувањето на историските настани, со нагласена димензија на културната и историјата на религиите;

-се препорачува, секаде каде што е можно, историјата да се поврзува со поширокиот европски контекст, заради подобро разбирање на нејзиното значење;

-натамошно развивање на демократијата, толеранцијата, мирното сожителство, човековите права и другите вредности на граѓанското општество;

- изоставени се зборови и поими кои водат кон омраза, конфликти воени судири, масакри, а даден афирмативен пристап не сè она, што е прогресивно и хумано.

Главна цел на наставата по историја е развивање способности кај учениците критички да го проучуваат минатото и објективно да го вреднуваат.

Новина е и тоа, што се предлага додавката што му беше додадена на овој предмет во VII и VIII одделение "... и граѓанско општество", да отпадне, бидејќи и тогаш неосновано беше придодадена, со донесувањето на Концептот за развој на основното образование со наставен план.

Наставната програма исто така има за цел да придонеси за изградување на личности со граѓанска свест и однесување, слободни и активни индивидуи, кои од историјата ќе можат да ги извлечат највредните поуки и пораки за живот во мир, толеранција, меѓусебно уважување и почитување, односно изградување кај учениците на вредносен однос кон историското минато.

Во овие наставни програми, посочени се и активностите што учениците треба да ги реализират за време на наставните часови. Определен е и миниумот на знаења за секоја предвидена тема, со кој ученикот треба да се здобие низ процесот на наставата.

За успешна реализација на новите наставни програми, со наставниците ќе се работи на нивното перманентно стручно и педагошко усовршување како и на едукацијата, заради нивно дооспособување за оние содржини, кои во програмата се јавуват како нови и непознати.

Во согласност со законските одредби и во средното образование во тек се фазите на иновирање на образовниот систем во државата, кои се изразени преку одредени развојни проекти, кои се и ќе бидат во функција и на гимназиското и на стручното образование. Во овие развојни проекти не изостанува изучувањето на историјата. Исто така, во ново отворените колеџи (гимназии) американски и турски - историјата се изучува две до три години и тоа со 5 часа неделно. Сепак на промените, кои следуваат во средното образование, останува да причекаме за да ги согледаме јасно системските решенија.

Сепак, сите овие промени наставниците треба позитивно да ги почувствуваат. Со сите овие промени наставникот добива сосема нова улога. Пред сè, наставникот треба да има флексибилност и неопходни инспиративни способности и да умее да оствари проблемска настава и да ги насочува учениците, самите да дојдат до одредени сознанија и постапки. Така, прашањето на промислен практичар сè уште опфаќа значаен

дел од системот за обука на наставниците. Само вака едуцираниот наставник може на ученикот да му овозможи да биде активен субјект во наставата, со што ќе придонесе за натамошното развивање и унапредување на учениците.

Несомнено, со сите овие промени, можеме да речеме дека историјата како наставен предмет навистина се наоѓа пред нови предизвици. А како и не, и во овие моменти кога градиме нови вредности во образовниот систем, секогаш треба во преден план како пример да ја имаме Европа, а не Балканот. Европа, која исполнета со политички, економски, религиозни и воени конфликти, изразени преку национализмот, фашизмот, тоталитаризмот, ги надмина смело, иако тие однесоа млиони недолжни животи. Таа иста Европа, поделена и спротивставена, денес, нуди респектирање на мирен соживот помеѓу државите, културите и религиите, давајќи му достоинствено место на критичкото мислење, со цел да му помогне на младите луѓе да ги разберат предизвиците на демократските вредности.